Програма на **Зоран Заев,**
кандидат за претседател на СДСМ

ЗАЕВ | нова политика

СДСМ - ПРВ ВО ПРОМЕНИТЕ

Внатрепартиски избори
21 март 2021 година

ПРОГРАМА ЗА ПРВИТЕ НЕПОСРЕДНИ ВНАТРЕПАРТИСКИ ИЗБОРИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИОТ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА

1. ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ

Другарки и другари,

Мои социјалдемократи,

Ова е програмата со која излегувам пред вас и со која барам ваша поддршка за мој нов, трет мандат како претседател на СДСМ. Ја барам вашата поддршка и ве повикувам да го продолжиме тоа што го започнавме заедно. **Да сработиме заедно и да постигнеме нови историски успеси на нашата земја,** да ја потврдиме македонската иднина кон која се стремиме како иднина во која приоритетни се граѓаните, економијата, демократијата и државата. Кон ваквата иднина може да води само СДСМ, нашата партија која заедно со нашето членство и нашиот народ ќе преземе одговорни и храбри чекори со кои ќе обезбедиме благосостојба и просперитет за граѓаните на татковината.

Во 2013 година, мојот прв полн мандат како Претседател го започнав во многу тешки времиња и уште посложени околности. Тогаш Република Македонија беше држава заробена од криминален режим, слобода не постоеше, а демократијата беше целосно задушена, уништена. СДСМ беше во опозиција веќе полни седум години, со шест последователни изборни порази на парламентарни (2006, 2008, 2011), претседателски (2009) и локални избори (2009, 2013). Режимот со својот криминален начин на владеење ја загрозуваше слободната волја на граѓаните, а свои сериозни предизвици имаше и СДСМ. Бидејќи и претходно бев дел од раководството на партијата, добро ги познавав сите силни и слаби страни на СДСМ. Бев соочен со огромен предизвик, членовите и симпатизерите беа емотивно врзани со победничкото минато на партијата и затоа им беше тешко да ги прифатат неопходните реформи. Некои од моите другарки и другари тогаш не веруваа дека режимот ќе падне со пенкало на избори. Сметаа дека одамна се исцрпени сите демократски методи за опозициска политичка борба и дека СДСМ треба да се радикализира со напуштање на институциите и бојкот на изборите. **Јас, отсекогаш сум верувал во можностите и моќта на демократијата.** Сметав и тогаш, а денес уште повеќе, дека бојкот не е решение и дека храброста, посветеноста и отвореноста треба да се покаже низ конкретни чекори, со јасен план и со сојузници. Целосно бев свесен со што се соочувам, но во ниту еден момент не се поколебав. Знаев дека првиот услов за успех е секогаш да гледам далеку напред. Верував во мојата визија, во луѓето од СДСМ и во нашиот народ и точно знаев што треба да се промени кај СДСМ за нашата партија повторно да носи победи за нашата земја и нашиот народ. Иако

тогаш бев најмногу напаѓан и оспоруван, пред мене стоеше една и единствена мисла – имаш чест да си на чело на партијата која ги стави темелите на независна, суверена и демократска Република Македонија, имаш одговорност пред социјалдемократска партија која влече корени од Васил Главинов, Гоце Делчев, Никола Карев и другите македонски револуционери и левичари, основана на темелите на АСНОМ и НОБ, политичката сила која го даде првиот Претседател, Киро Глигоров. Колку и да ми беше тешко, колку и да ме болеа навредите, оспорувањето, нападите, што некогаш доаѓаа дури и од внатре, имав јасна мисла во себе која велеше: **нема откажување, мора да успееме,** тоа ни е обврска пред народот, земјата и пред себе. **И успеавме!**

Затоа често велам, мојот политички пат е налик на судбината на борците за правда од нашите народни преданија: сè што досега постигнав, беше постигнато со големи тешкотии, со сопки и препреки, во неверојатни околности, многу труд и напор. Но, со силна верба, храброст, решителност и секогаш со многу труд и напор. И многу сум среќен и ценам што **народот ја препозна искрата светлина и подадената рака.** И кога никој не веруваше дека победата е воопшто можна, кога беше полесно да се приклониш кон силата отколку кон правдата, кога беше уште полесно да се откажеш, ние секогаш издржувавме, а тоа нè правеше уште посилни, после што почнаа да стигнуваат победите. Победа на вистината над лагата, победа на исправното над погрешното, победа на правдата над неправдата, победа на слободата над заробеноста, на светлината над темнината. До ден денес кажувам дека **едно време се шепотеше, сега гласно се зборува,** како паметник за едно време кое заедно го променивме.

За мене немало мирен мандат, немало мирно море, туку **постојана битка за доброто на нашата земја, за нашиот народ.** Ние секогаш се боревме на два фронта истовремено: на надворешен план, мораше да се решаваат наследени проблеми, прашања за кои никој не собрал храброст да ги решава речиси 30 години, од осамостојувањето на нашата држава до тој момент, прашања за кои популизмот носи лесни политички поени, но истовремено и ќор сокак за идните генерации. Суштинските прашања кои никој не собра храброст досега да ги реши, се решаваа токму во нашиот прв мандат. И успеавме. **Ја обезбедивме сигурната иднина на државата и народот,** и го потврдивме и испромовиравме македонскиот идентитет.

На внатрешен план, пак, од првиот ден кога почнавме да ја водиме Владата, **ние сме соочени со целосно деструктивна опозиција,** со опозиција која ќе направи сè за да ги спречи реформските процеси, која прави сè за да нема правда, опозиција чии инсталации низ државата се моќни и градени повеќе од една деценија и кои не се штедат во поткопувањето на секој чекор кон подобро живеење. Предолгото коруптивно владеење на претходниот режим остави длабоки траги во сите пори на нашето општество, ја загади секоја сфера, и го отежна функционирањето на институциите во државата.

Лузните на моето лице и лицата на моите соборци ќе останат траен белег за 27 април 2017, крвавиот четврток, денот кога режимот во заминување се обиде со насилство, да спречи конечна мирна демократска транзиција на власта. **Тогаш го видовме вистинскиот**

лик на Груевизмот, без кочници и задршка, едноставно бевме очи во очи соочени со смртта. Заканите кои претходно во периодот кога ги објавував политичките бомби беа упатувани кон мене и моето семејство делуваа застрашувачки, но ова што се случи во законодавниот дом беше вистински шок. Најмногу стравував од ризикот некој да настрада заради мене. Буквално **сите преживеавме обид за линч.** Колку и да се трудам да заборавам, колку и да сакам да им простам како човек на сите кои беа изманипулирани од режимските функционери, сè уште не можам да најдам оправдување за таков удар врз македонската демократија. Но, со тој чин, тие конечно самите си пресудија. Годините на успешни манипулации, популизам и замајување на јавноста, тој ден, се растурија како кула од карти. Во еден ден стана јасно кој е кој и што е што во нашата земја. И тој тест, тој крвав тест, го положивме.

Со многу трпение и тактичност, со мудри одлуки, и над сè со борбеност успеавме да ја добиеме секоја битка.

Три големи борби водев и водам во ова мое и наше заедничко време:

- Борба против режимот, за слобода и демократија
- Борба за подобар живот, за повеќе пари кај граѓаните, за европски стандарди дома!
- Борба за безбедна и сигурна иднина, за стандарди, за НАТО и ЕУ

Ние не го почнавме мандатот со најлесните прашања, со најдопадливите за граѓаните, туку веднаш се фативме со најтешките, со стратешките прашања. Прво започнавме со постигнување на **историски успеси за зачувување на македонскиот идентитет,** за цементирање на нашиот територијален интегритет преку **членството во НАТО** и за етаблирање на нашата земја Република Северна Македонија на светската политичка сцена, **со најмоќните сојузници во светот, како почитувана и мирољубива земја.** Потоа се фокусиравме на внатрешните состојби на секој можен план, со цел да ја изградиме нашата земја во вистинска европска демократија.

Некои велат дека сме се „потрошиле" на надворешните прашања и премногу енергија сме вложиле во нив, но секој друг пристап би бил крајно неодговорен и популистички, и по ништо различен во однос на претходниот режим. Впрочем, домаќински е да се постават прво темелите, а не како нашите претходници, да се занимаваме само фасадата, без навлегување во сржта на проблемите. Таа споредба, другари и другарки, е најдобриот приказ на нашата работа наспроти режимскиот пристап. Ние градевме темели, па ја зајакнувавме арматурата на нашата држава, меѓуетничките односи претставени во проектот „Едно општество за сите", а тие се занимаваа со ултра скапи стиропорни фасади, камен, бронза, со наместени медиумски прикази, со безброј празни проекти како одлично покритие за толкуте тендери. Но, не се живее во куќа само со фасада, а без темели, без покрив над глава, без столбови и без потпорни ѕидови. Можеби и не е толку лесно секогаш

да се презентира важноста на таа домаќинска работа, но алтернативата е да се сведеме на претходниот популизам, а ние тоа не сме, и нема да го правиме.

Режимските подруми на опозицијата не треба да се потценуваат бидејќи тие понекогаш успеваат сериозно да ги забават реформите и да го трошат времето на нашите граѓани и на нашата земја. Успеаја за ги забават процесите со цел да создаваат фрустрација кај граѓаните, кај нашите поддржувачи. Нивната тактика беше плитка и провидна: мислеа дека ако и го трошат време на нашата земја – ќе ги убедат граѓаните дека ете нас не н⊠ бидува, дека не можеме да ги спроведеме реформите. Каков парадокс, опозицијата да н⊠ обвинува нас дека бавно одат реформите, и тоа токму оние реформи кои барем половина од нивното криминално раководство ќе ги донесе пред лицето на правдата. Тие прават блокади, а нас нѐ обвинуваат за неуспех! Но, ако погледнеме наназад, **јасно е како бел ден – процесите можеби беа успорени, но ниту еден не беше спречен.** Влезот во НАТО, одлуката за преговори со ЕУ, реформските закони во правосудството, слободата и отчетноста – сепак се реализираа и ќе продолжиме да ги реализираме наспроти сите внатрешни и надворешни назадни сили.

Ние се навикнавме да живееме гледајќи се очи в очи со макотрпниот пат, па дури и со повремената разочараност. А лесно е да се разбере и зошто е така: едноставно, 30 години бевме надвиснати со големи проблеми, со огромна невработеност, со етнички тензии, со блокади од надвор и внатре, со корупција навлезена во секоја пора од општеството... Лесно е да се разбере зошто некој е разочаран или одлучил да ја напушти земјата.

Но, соочени со таква тешка состојба, што ни преостанува? Што можеме да направиме? Јас сум тука пред вас и со вас за да ве повикам на тоа што добро го знам: **да се бориме и да продолжиме напред!** Да ги совладаме тешкотиите и да донесеме подобар живот за нашите граѓани и нашите деца.

Уште состојбите се тешки. Еден нецел мандат не може да ги реши проблемите пластени со години и децении и тоа не го кажуваме како оправдание, туку како факт. Знам дека очекувањата се големи и дека не е лесно да се има трпение. Знам дека се напорни долгите години чекање пред големите меѓународни сојузи и дека уште поголемо чувството на наметната неправда. Но, не е опција да се откажеме, не е опција да кренеме раце и секако не е опција да се враќаме назад, и да ја враќаме државата повторно да биде заробена држава и с⊠ што досега изградивме – да препуштиме да за распадне.

Јас можам вам членовите на СДСМ, и на граѓаните на Северна Македонија да ви го понудам тоа што најдобро го знам: да се борам и да ви ветам дека ќе продолжиме напред!

Можам да ве погледнам и да ве повикам сите вас, станете, да застанеме рамо до рамо, да се бориме заедно за иднината на нашите деца овде во оваа наша убава татковина! Станете и бидете дел од оние кои се трудат да градат, не да рушат. Станете и застанете на страната на чесните наспроти нечесните. **Нашата земја ќе се издигне само ако ние заеднички го направиме тоа, а никој друг во државата освен нас, во СДСМ, не може да го направи тоа.**

Борбата на која ве повикувам ќе се води на два фронта: во секој од нас и наспроти сите оние кои сакаат да и наштетат на нашата земја и на иднината на нашите деца.

Борбата во самите нас е борбата со стариот менталитет, со стариот начин на кој сме навикнати и кој нѐ држи ниско и не ни дозволува да напредуваме. Тоа не е лесна борба. Таа ќе подразбира да продолжиме да ги менуваме навиките, да ги подобруваме односите, да не креваме телефон за да завршиме некоја работа преку ред, но да кренеме телефон за да ги чуеме и да ги решаваме проблемите на исправниот начин, да не бараме познаници и пријатели низ институциите, туку да се прашаме како е правилната процедура, како би се направило тоа нешто во било која земја од Европската Унија и да го изодиме тој пат, без да фаќаме кривини. Тој тест го немаат положено ниту соседните земји членки на ЕУ. Да – менталитетот тешко се менува, но **промената почнува од нас, од секој од нас.** Ако сакаме да одиме напред, да не се лажеме дека овој чекор може да се прескокне. Не може и не смее!

Борбата кон противниците на сигурната македонска иднина, пак, ќе ја водиме на начин кој не само што ќе ги порази, туку и ќе им покаже како достоинствено, европски и родољубиво се води политика. Достоинствено – бидејќи ние не се служиме со лажни вести, со спинови и манипулации, со ниски навреди и лични дискредитации. Европски – бидејќи самиот СДСМ со своето реформирање, а особено со новиот начин на избор на претседател, покажува како треба да изгледа и функционира една вистинска европска демократска партија. **Родољубиво – бидејќи вака се сака татковината: со труд, со почит кон различните, со чесност и со посветеност на нејзините, а не на партиските интереси.** Ние, другари и другарки, ја едуцираме нашата опозиција како личи одговорно водење политика: со подобри идеи, со подобра визија, со повеќе труд , со повеќе работа – едноставно бивајќи подобри!

Заедно започнавме и заедно да продолжиме да ја градиме нашата земја во дом за сите граѓани, просперитетна и европска Северна Македонија!

2. НАШИТЕ НАЈГОЛЕМИ УСПЕСИ

Значајни победи нè носат до денешниот ден. СДСМ денес може гордо да каже дека изминатите три и пол години ја врати државата на здрави нозе и ја придвижи на вистинскиот, правиот пат. За кратко да се потсетиме на што бевме фокусирани во тој период и што ни дава за право да бараме да продолжиме напред уште повеќе и уште подобро.

Нашата прва борба, но и прва одлучувачка победа, беше поразот на режимот со пенкало. Кога малкумина веруваа дека ќе успееме, кога нечии имиња се шепотеа, а камоли гласно и јавно да им се спротивставиш, вие застанавте со мене и заедно ја извојувавме првата одлучувачка победа. Таа победа ги отвори вратите на сите наши напори за подобра живот за идните поколенија, и без неа само може да претпоставуваме во каква земја денес ќе живеевме. Наместо еден, ќе имаше илјадници други избегани од земјата која беше сведена на приватна алатка за богатење на неколкумина. Но, со одлучна борба, со вашата истрајност и со помош на сите демократски сили во светот, ние денес живееме во слободна земја. **Победата со пенкало е и симбол, но и прагматичност.** Симбол е на начинот на кој треба да бидат правени транзициите во едно демократско општество, и кај нас, и во светот. Победата со пенкало е симбол на демократијата, исконска претстава на волјата на граѓанинот и неговото неприкосновено право преку избори да ја одредува својата иднина и иднината на својата држава. Прагматичниот момент беше токму во запазувањето на редот, на мирот и во крајна линија на животите на нашите граѓани. Со пенкалото го победивме режимот и се изборивме за слободата!

Токму таа слобода преку која денес силно сме критикувани, таа слобода ја доведовме и ја направивме возможна преку нашата прва и најзначајна битка. Денес е лесно да се коментира и навредува на социјалните мрежи, денес е безопасно да се користат за мета политичарите и кога треба и кога не треба, денес сите заборавија како беше пред само пет години. Но, ние не жалиме за реализирањето на таа слобода. Напротив, се гордееме! Но, и сакаме да потсетиме што сè требаше да направиме и како се изборивме, за денес во неа да уживаат сите, и тие кои придонесоа за слободата, и тие кои не придонесоа, но дури и тие кои активно се бореа оваа денешна слобода да не се случи. Парадоксално, токму последните денес се најгласни и го користат правото за кое ние се боревме и ризикувавме сè. И таа слобода е трајна придобивка за нашето општество, нешто кое никој режим нема да може да го одземе, туку таа како светилник ќе им пркоси на сите идни обиди за заробување на нашата држава, ако некогаш воопшто се случат.

Ете тоа значи да се победи со пенкало. Без да се ризикуваат животите на граѓаните, туку со смиреност и визија да се истрае во борбата за слобода. Да се победи, но не по цена да се изведе африкански пуч, туку со исцрпување на сите демократски алатки кои ни ги нудат законите и нашиот Устав. Победата со пенкало му покажа на светот дека Република Северна Македонија има капацитети да се справи дури и кога е соочена со режим кој одбива мирно да

ја предаде власта. И со иста смиреност, почитувајќи ги принципите и правилата на игра, ќе продолжиме да ја трансформираме нашата држава кон подобро.

Парите ги вративме назад кај граѓаните. Од држава која парите на народот ги трошеше за споменици, барок и мермер, со **нашиот социјалдемократски економски концепт** ги вративме повторно назад, кај граѓаните. Почнувајќи од проектот за поврат на ДДВ кај граѓаните, преку зголемување на минималната, на просечната плата, пензиите, социјалната помош па се до инвестициите во инфраструктура и економските пакети со кои над 1,3 милијарди евра државата врати назад кај граѓаните и стопанството. Во претходните 3 години обезбедивме повисок економски раст (во 2019, БДП порасна за 3,6%) кој создава нови работни места (за две години се отворија нови 60.000 работни места) и повисоки плати (просечната плата порасна на историски највисоки 27.206 денари). Обезбедивме историски најниска невработеност (во 2019 невработеноста падна на 16,6%), зголемување на минималната плата од 9.000 денари на 14.500 денари за нецели три години. Оваа значајна економска промена беше возможна и поради повисокиот износ на домашни и странски инвестиции. Обезбедивме историски највисок износ од 950 милиони евра странски инвестиции во 2018 и 2019 година. Но, во исто време силно ги поддржавме и домашните инвеститори со над 100 милиони евра одобрена државна помош. Го стабилизиравме редовниот поврат на ДДВ и прекинавме со лошите пракси од минатото на дискриминација и притисоци при поврат или при плаќање на обврските на државата. Преку МојДДВ, укинатата радиодифузна такса, евтината тарифа и укинатите непотребни трошоци обезбедивме повеќе пари за граѓаните. Стабилниот економски раст во сите сектори, новите 60.000 работни места, највисокиот раст на платите и пензиите ни потврдија дека треба да продолжиме со исто темпо и граѓаните тоа го препознаа.

„Едно општество за сите“ е концептот кој ние го воведовме и кој е најефикасниот лек за сите видови национализам присутни во нашето општество. Наместо лесни поени преку потпалувачка националистичка реторика, ние се одлучивме за одговорност. Впрочем, никогаш досега во мојата политичка кариера, кога изборот бил помеѓу евтин популизам од една страна или државотворна одговорност од друга, јас не сум се колебал ниту миг. Секогаш јасно, одлучно и без колебање одлуката била одговорното однесување, особено кон најкревкиот и најважниот аспект од нашата држава – меѓуетничките односи. Дека ова не е само фраза, туку концепт во кој верувам и за кој се борам со цело мое битие, докажуваат досегашните кадровски политики во партијата кои ширум ги отворија вратите за сите етнички заедници. Тие политики ќе продолжат и понатаму со цел СДСМ да остане препознаен како дом на сите граѓани на Северна Македонија, како борец за правата подеднакво за сите и претставник на сите. „Едно општество за сите“ не е само фраза. Тоа е арматурата на нашата држава, тоа е сврзното ткиво на нашата држава, и кој не го сфаќа ова – не треба да се занимава со политика, или е опасен ако го прави тоа!

Визија да ја создадеме првата целосно мултиетничка предизборна коалиција граѓаните ја наградија на последните избори и ни дадоа јасен знак дека тоа е правецот за иднината на Република Северна Македонија. Граѓаните покажаа дека се подготвени за тој чекор и се спротивставија на застарените и опасни концепти на политика на поделби по етнички линии. Нашата земја, во еден Балкан преполн со тензии и конфликти, под водство на СДСМ дава пример кој треба да одекне и далеку од нашите граници. Чекорот на мултиетничка предизборна коалиција беше храбар, но и ризичен. Имаше такви кои со стигма гледаа на него и велеа дека нашата земја не е подготвена за тој чекор. Но, јас верував во мудроста на нашите граѓани и во нивната поддршка на сите наши досегашни напори во изградбата на заедничката држава. Времињата на поделби се зад нас, тие времиња се завршени и засекогаш оставени во минатиот век.

Круна на нашите досегашни заложби е членството на Република Северна Македонија во НАТО алијансата. Честопати во нашата земја зборот „историски" се злоупотребува и се става во дневно политички конотации, но токму членството во НАТО во потполност го оправдува тој епитет – историски. Влезот во НАТО ја уништи еднаш засекогаш било чија желба за нарушување на територијалниот интегритет на нашата земја и заедно со концептот „Едно општество за сите" ги даде сите потребни гаранции дека нашите деца нема никогаш повеќе да сведочат на конфликти и поделби. Влезот во НАТО се случи во ек на пандемијата и како да ни беше засенет тој историски момент, не можевме да прославиме во време кога се бориме со тешка болест, но тоа не одзема ни грам од историската важност на нашето членство во најмоќната светска алијанса.

Она што е многу важно, станавме членка на НАТО, но го зачувавме македонскиот национален идентитет.

Конечно, пред да дојде неправедната и ненајавената блокада од соседна Бугарија, Северна Македонија го изоди целосно патот на подготовки, сè до моментот на **одлуката за почеток на преговори за членство во Европската Унија.** Ние сме целосно подготвени, тоа е признаено и прифатено со едногласна одлука на целата Унија и до овој момент ги имаме исполнето сите наши обврски предвидени со процесот на проширување. Сега е на ред самата Европска Унија, бидејќи Република Северна Македонија нема што повеќе да направи, направивме сè, и направивме многу повеќе од други земји кои биле во нашата фаза од процесот на пристапување. Ние направивме сè и сме силно подготвени да ги отвориме сите поглавја и решително, чекор по чекор, да ја оствариме втората историска цел на нашата земја.

3. СЕКОЈДНЕВНО РАБОТИМЕ

Многу постигнавме, и на многу проекти сè уште работиме со цел да ги унапредиме до крај. По затворањето на надворешните прашања, нашиот фокус целосно се пренесе на внатрешните состојби.

Остануваме целосно посветени на **редот, правдата и дисциплината, најавеното прочистување на правосудството и неселективно владеење на правото.** Кулата наречена правосудство, градена 11 години, нè дочека кога дојдовме на власт, со мнозинство назначени кадри од претходната власт и со непогодни законски решенија. Секако, ние не сме, ниту претендираме да бидеме судска власт, но тоа не значи дека нема да се бориме до крај за законите да завладеат во нашата земја и Република Северна Македонија да биде правна држава. Во таа смисла, голем чекор напред е работата на Судскиот совет, согласно новите закони, најави детална проверка на работата на судиите, особено во врска со одредени постапувања по предмети кои беа доведени до застареност со одлагање или јасно препознавање на одлуки, судски или јавно-обвинителски во кои е заобиколен или прекршен законот. Вистинската борба на овој план, допрва ни престои.

Некогаш моќните судии, извршители на волјата на режимот, денес гледаме како почнаа да паѓаат еден по еден. Тие кои зацрнуваа луѓе, кои запечатуваа судбини, кои под рака делеа предмети или вечно ги замрзнуваа во фиока – тие денес паѓаат. Но, не преку нарачани процеси, туку според словото на законот, низ механизмите на независната судска власт. Ние го поддржуваме и го поздравуваме тој суштински процес, и токму тоа сакаме да го видиме – целосно независна судска власт кој не е составена според тефтерчиња и да се води по политички агенди, туку само и само по законите и уставот на Република Северна Македонија. Без беспрекорно функционирање на правосудниот систем, не може да има ни реална борба против корупцијата, а ние токму за тоа се бориме.

Направивме сè што е потребно за да сме 100% подготвени за почеток на **преговорите за членство со ЕУ.** Додека да се разреши блокадата, ние нема да застанеме, туку со цел елан ќе се фокусираме на воведување европски стандарди дома за трансформација на нашата земја на подобро. Преку спроведување на **„Акција 21 – за европски стандарди дома",** ние ќе ги кренеме стандардите во секој ресор, во секоја институција и во цело општество со цел исполнување на европските стандарди. Преку Договорот од Преспа и Договорот за добрососедство со Бугарија, ние ја потврдивме нашата искрена добрососедска намера кон сите. Република Северна Македонија ниту ќе провоцира, ниту ќе коленичи. Со одговорно и европско однесување, сега ќе работиме на европски стандарди дома! Нема да чекаме да бидеме прашани или поттурнати: во сите институции проаѓа бран на реформи за што побрзо усогласување со европските стандарди. Препреките нас не нè обесхрабруваат. Ние бездруго докажавме досега дека колку повеќе препреки имаме, толку посилно се мотивираме и работиме неуморно за доброто на нашата земја.

Во Акција 21 вклучуваме 10 приоритети, а број 1 на листата е – Прочистувањето на правосудството. Дојдовме до точка да ги заокружиме суштинските реформи во правосудството преку **ефикасно и објективно прочистување на судството и обвинителството.** На браникот на криминалот, како што сами си признаа, стоеше целото раководство на опозицијата. Сепак, Законот за јавно обвинителство го донесовме во Собранието. Како резултат на тој закон, предметите за висока корупција се живи и тие добиваат и ќе добиваат судски разрешници. Моделот за прочистување или филтрација, е во завршна фаза. На него работеа првенствено претставници на Судскиот совет, на Советот на јавни обвинители, со поддршка на академската јавност и тие ќе бидат тие што ќе го усвојат моделот што сами го креираат и што ќе го спроведуваат. Дополнително, ние сме прва држава во регионот која од Европската Унија побара веднаш да ја стартува иницијативата за **мониторинг на судските предмети врзани за високата корупција.** И тоа никако нема да зависи од стартот на преговорите со ЕУ. Ги носиме најдобрите европски стандарди и практики дома.

Вториот приоритет е борбата против корупција, преку воспоставување јасни механизми за интензивна соработка меѓу сите надлежни чинители, преку силна политичка волја и преку мотивација на секој граѓанин, на сите нас, да се ангажираме во искоренувањето на оваа девијантна појава, којашто го враќа општеството назад. Како одговорни политичари, но пред сè како граѓани, се обврзуваме на силна, бескомпромисна борба за заштита на животната средина и најавувам засилен ангажман во акцијата за чиста и здрава животна средна, како приоритет број 3 од иницијативата Европски стандарди дома. Во 2021 година ќе продолжиме со постапката за Шар Планина да се развива како национален парк и ќе се донесат планови за управување со националните паркови Пелистер, Галичица и Маврово, како и планови за управување со заштитените подрачја. Ова се само првите три од десетте приоритети.

Десетте приоритети од нашата „Акција 21 – за европски стандарди дома" се принципите и нашата заложба кои ќе не водат во наредната година. Европа дома значи подобар живот за секој македонски граѓанин, за секој еден човек што живее во нашата заедничка Северна Македонија.

Ќе продолжат инвестициите во здравствениот сектор. Ќе го продолжиме трендот на зголемување на раст на платите на здравствените работници и до 2024 година тие ќе бидат повисоки за 40%, како што ветивме на минатите избори. Клучен чекор напред е продолжувањето со постапката за изградбата на нов, модерен клинички центар во Скопје кој ќе пружа интегрирани здравствени услуги. Здравството е еден од клучните ресори во секоја земја и ние ќе продолжиме да го третираме со должна почит. Здравствените работници ќе продолжат да ја имаат нашата најискрена поддршка и ќе се посветиме Република Северна Македонија да биде нивниот прв и единствен избор за нивна професионална надградба и развој.

Многу вложивме и продолжуваме да вложуваме во земјоделието. Во изминатите три години, овозможивме директна и индиректна поддршка во земјоделството во историски рекорден износ од над 429 милиони евра. Покрај сите економски тешкотии за време на пандемијата обезбедивме неселективно, потполно и времено исплаќање на сите субвенции и инвестиции од ИПАРД програмата и Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој. Ја воведовме мерката **ЗЕЛЕНА НАФТА** за земјоделска механизација, а граѓаните на кои основна дејност им е земјоделството и кои ги исполнуваат условите за паушално оданочување, ги ослободивме од плаќање данок. На 17.000 земјоделци им се исплатени 80 милиони денари по основ на враќање на персонален данок. Ја зголемивме поддршката за млад земјоделец од 10.000 евра на 20.000 евра. Во претстојниот период, политиките во земјоделскиот сектор ќе бидат во согласност со генералните обврски и насоки на државата за приспособување кон заедничката земјоделска политика на ЕУ. Оттука, политиките во секторот ќе бидат насочени кон оспособување на секторот да функционира во услови на единствен европски пазар, незанемарувајќи ги притоа и потребите и трендот на домашниот пазар и пазарите во глобални светски рамки. Активностите за развојот на земјоделството ќе бидат насочени кон негово оспособување за конкурентски односи, а тоа се постигнува само со производство на висококвалитетни и безбедни производи, произведени со конкурентна цена.

Значаен фокус во досегашното работење е токму енергетиката и крупните проекти на овој план. Ја вративме **евтината тарифа за електрична енергија,** со која кај граѓаните враќаме преку 15 милиони евра на годишно ниво. Ја намаливме цената на топлинската енергија во градот Скопје и ја вративме сопственоста над дистрибутивната мрежа на градот, т.е. таму каде што припаѓа. Го зголемивме домашното производство на електрична енергија. Ја зголемивме инсталираната моќност на електраните со погон на обновливи извори на енергија. Ја намаливме цената за приклучок на електродистрибутивната мрежа за 26% и сега изнесува 370 евра, за разлика од претходно кога беше дури 500 евра. Целосно ја усогласивме домашната законска и подзаконска легислатива со европското законодавство од областа на енергетиката. Ги намаливме трошоците во РЕК Битола за 40 милиони евра, поради што цената на електричната енергија од АД ЕСМ, во 2019 година е намалена за 16% споредено со 2016 година. Со оваа и со другите мерки, успеавме цената на електричната енергија за нашите домаќинствата да остане стабилна, да не се зголеми и да биде најниска во цела Европа. Ја намаливме цената за пренос на електрична енергија за 24% во 2019 година, споредено со 2016 година. Приходите од продажба на вишоците на електрична енергија во 2018 година изнесуваа 22 милиони евра, споредено со оние во 2016 година кога изнесуваа десетпати помалку или само 2,7 милиони евра. Ја намаливме цената за пренос на природен гас за 20% во 2019 година, споредено со 2016 година. АД ГА-МА веќе не е приватна компанија и проблем, туку решение кое работи на развојот на гасоводната мрежа во нашата држава.

Со почетокот на изградбата на новите **електрани од обновливи извори на енергија,** ја започнавме енергетската транзиција и го трасиравме патот за развој на енергетиката во следните години. Од енергетски изолирана и зависна држава, ќе ја претвориме нашата држава во енергетски поврзана со сите наши соседи. Повеќе нема да бидеме краен корисник на природен гас од само еден извор, туку нашата држава ќе биде битна транзитна рута за природниот гас во цела Југоисточна Европа преку нови гасоводни интерконекции со нашите соседи.

4. ШТО НИ ПРЕТСТОИ?

Сведоци сме на најсериозната закана по здравјето на нашата генерација. Иако многумина очекуваа дека пандемијата ќе трае не подолго од една година, самата пандемија, а особено нејзините последици ќе бидат присутни во следните неколку години. Светот застана, застанаа најмоќните економии пред налетот на корона кризата. Оттука, како еден од нашите главни приоритети се поставува справувањето со тие последици. Пандемијата само ја засили нашата решеност за унапредување на здравството во сите нивоа. Фокусот ќе ни биде двоен: на здравствените аспекти од пандемијата, како и на заздравувањето на економијата.

Успешно се справивме со првите налети на пандемијата, преземавме навремени и брзи мерки и политики за да го зачуваме здравјето на граѓаните. Воведовме навремени здравствени мерки за заштита на здравјето на сите граѓани. Го зајакнавме капацитетот и координацијата на здравствениот систем преку изградба на монтажни болници, дигитализација на услуги, доопремување на Клиниката за инфективни болести, прераспределба на здравствениот кадар, зголемување на капацитети за тестирање и навремена едукација на здравствените работници. Отворено и транспарентно ги информиравме граѓаните во секој чекор од справувањето со пандемијата, и сме особено благодарни за соработката и високото ниво на свест кое граѓаните го покажаа во тие тешки мигови.

Заздравувањето на економијата од светската пандемија ќе остане на самиот врв на нашата агенда. Прво, она што и досега го постигнавме и јасно останува наша определба, е континуиран раст на платите. Следна цел: 20.000 денари минимална плата и 34.000 денари просечна плата до крајот на сегашниот мандат. До крајот на мандатот ќе се бориме да ја вратиме нашата економија на солиден и одржлив раст од 4%. Стапката на невработеност, за време на кризата ја одржавме стабилна, а по завршувањето на кризата ќе продолжиме да ја намалуваме за 3% годишно како што тоа го правевме во изминатите 3 години. Конечна цел е – едноцифрена стапка на невработеност до крајот на овој мандат. Ќе ги поддржиме домашните и странските инвестиции со 300 милиони евра од домашните буџети и 300 милиони евра од европските фондови. Со планираните проекти во енергетиката, ќе го подигнеме БДП и значително ќе ги зголемиме енергетските капацитети на нашата држава. СДСМ ќе ја продолжи политиката на соработник на домашните компании, ќе ги поддржува и понатаму домашните компании и ќе го задржи активниот став на пријател на бизнисот во нашата земја.

Инфраструктурните проекти ќе го задржат приматот на Владата предводена од СДСМ. Во сегашниот мандат, ќе изградиме 260 километри автопатишта, 300 километри експресни регионални патишта, 950 километри локални патишта и ќе рехабилитираме 1.500 километри постојана патна инфраструктура. Патната и железничката инфраструктура на Коридорот 8, помеѓу Република Северна Македонија, Бугарија и Албанија е многу значаен проект на кој сме посветени, и кој не е од интерес на само на овие три земји од Балканот, туку

и за цела Европа. Ќе изградиме нови 500 километри канализации и водоводи за што ќе обезбедиме 100 милиони евра за сите општини во Република Северна Македонија.

Зелената агенда е наш врвен приоритет. Република Северна Македонија ќе ги следи новата стратегија и план за обновување на економската, социјалната и еколошката компонента на Европската Унија во борбата против климатските промени и загубата на биолошката разновидност, особено преку имплементација на Зелениот договор на ЕУ и Целите за одржлив развој на Обединетите Нации. Ќе продолжиме да работиме на социјален, еколошки и економски напредок кој носи благосостојба за сите граѓани, но воедно ги зачувува вредностите за идните генерации. Тоа подразбира паметно планирање и водење грижа за јавниот интерес. Како и досега, ќе бидеме доследни на принципите: борбата против климатските промени на глобално ниво како составен дел на сите секторски политики, превентивно дејствување (пред да настане штетата, односно загадувањето), загадувачот плаќа (трошоците за заштита на животната средина треба да ги сноси правното или физичкото лице кое ја загрозува животната средина), борба против нарушување на животната средина на самиот извор на загадувањето (каде е поедноставно и поекономично да се отстранат последиците од загадувањето) и интегрирање на заштитата на животната средина во другите политики (земјоделство, транспорт, енергетика, индустриска политика итн.). Се залагаме за долгорочен одржлив развој што се темели на грижливо користење на природните ресурси. Контролата и намалувањето на загадувањето останува една од основните цели. Првичните проекти за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух почнаа да ги даваат првите знаци. СДСМ останува поборник на зелениот развој од локално ниво, во општините, сè до регионално ниво како дел од Зелената агенда за Западен Балкан. На општинско ниво, во очи на локалните избори, ќе се посветиме на зелен и одржлив развој на општините со посебен фокус на прашањата на животната средина. Секоја општина ќе добие зелена визија за развој во следните четири години. На централно ниво, ќе го заокружиме процесот на гасификација на државата. Животната средина, а со тоа и здравјето на граѓаните останува наша цврста заложба.

Користењето на обновливите извори на енергија и замена на јагленот со гас е еден од нашите најважни стратешки интереси. Националната гасоводна мрежа целосно ќе ја завршиме и уште во 2021 година во договор со ЗЕЛС ќе почнеме да ја градиме секундарната и терцијалната гасоводна мрежа по градовите, општините и индустриските зони. Наскоро во земјата ќе има вкупно 372 километри гасовод од преносната мрежа во државата. Во наредните пет години ќе влеземе во инвестициски циклус кој ќе обезбеди Република Северна Македонија да биде позелена, но и порационална и поефикасна во енергетскиот сектор. Поконкретно, според планираното до 2026 година ќе биде заменет првиот блок од најголемиот енергетски капацитет во земјава, РЕК Битола кој работи на јаглен, со фотонапонска електрана. До 2024 година, РЕК Битола ќе го исклучи првиот блок кој работи на јаглен за да го замени со ко-генеративна гасна електрана со моќност од 250 мегавати за производство на електрична енергија и за топлификација на Битола. Другите два блока ќе се модернизираат и тоа до 2023 година со темелна реконструкција на електростатските

филтри, а до 2026 година со целосна десулфуризација и декарбонизација со што ќе им се продолжи векот на траење, но и ќе се подобри еколошката прифатливост и ќе се задоволат европските стандарди. Енергетската трансформација е веќе почната во нашата земја и ние засилено ќе инвестираме во овој стратешки интерес на нашата земја.

Воведуваме нова концепција на основното образование меѓудругото и заради силната волја да ја прекинеме досегашната лоша пракса на партизација на образованието. Свесни сме дека се судираме со сили кои се плашат од промени или ги поткопуваат напорите за промени од разни мотиви, политички, партиски, па дури и лични. Но, во сите тие силни дебати во кои се шпекулира за нарушени национални интереси и разни други силни зборови, забораваме дека всушност зборуваме за деца. За нашите најмлади, од 5 до 15 години. Забораваме на нивниот интерес, на нивната оптовареност и на крај на нивната разочараност што излегуваат од училиште без да имаат основни животни вештини. Има ли поголем национален интерес од тоа да создадеме генерации кои се писмени и оспособени за животот во 21 век? Во консултација со сите засегнати страни, но и без заглавеност во вечни анализи на состојбите, се решивме на одлучен и храбар чекор напред, за иднината на нашите деца.

Според новиот концепт, децата ќе поминуваат повеќе време во училиштето, но тоа време ќе биде исполнето. Знаењата ќе им бидат пренесувани на поедноставен и поразбирлив начин. Целта е да се создаде атмосфера во која децата ќе имаат љубов, а не отпор кон учењето. Тоа да биде средина која ги исполнува, а не место што фрустрира. Ако децата се посреќни во училиштето, ќе бидат и повеќе мотивирани, а со тоа и поуспешни. Новата концепција нуди можност децата да ги развиваат своите афинитети во самото училиште. Дополнителни активности не смеат да бидат резервирани само за оние чии родители се во можност да платат приватни часови за спорт, уметност или потемелно изучување на некој друг предмет. Да се бара од нас да седиме со врзани раце и да не преземеме ништо за да ја подобриме иднината на нашите деца, тоа едноставно е неодговорно, неприфатливо и штетно за државата. Децата излегуваат функционално неписмени од училиште и не смееме да го игнорираме тој аларм. Ова е реформа за посреќни и поуспешни деца и за враќање на достоинството на учителската професија. Промените во образованието се национален предизвик и национален интерес и сите треба да ги поддржиме.

Секој млад човек да ја препознае Република Северна Македонија како земја на можности и да остане да се развива и да придонесува во нашето општество – тоа е нашата визија за младите. Ние си ја зададовме високата цел не само да го спречиме одливот, туку и да ги вратиме младите луѓе назад во нивната татковина преку создавање на работни места и можности за професионален развој. Благодарение на јасните мерки и политики за економски раст, успеавме во изминатите три и пол години да ја намалиме невработеноста до рекордните 17,5%. Ова беше постигнато и благодарение на мерките кои се атрактивни за постојните компании, но и од потребата на бројните инвеститори за стручни кадри кои веднаш после средното образование влегуваат на пазарот на трудот како компетентни млади луѓе. Започнавме социјален дијалог за идентификување на потребите на компаниите

под мотото „Учи паметно, работи стручно“ со цел да изградиме мост за соработка помеѓу бизнис секторот и образовните институции. Сите овие напори имаат за крајна цел да создадат поволна клима за **полесно и поквалитетно вработување на младите луѓе**, и секако, нивната конечна улога да останат во својата земја. Отвораме младински центри во сите општини во државата, за уште поголемо учество на младите во носењето одлуки и креирањето политики. Најважно од сè е што обезбедуваме европски стандарди дома. Ја носиме Европа дома, обезбедуваме еднакви услови за сите и им овозможуваме на младите тука да растат и тука да градат кариери и семејства. Не постои друга форма на патриотизам во ова време на глобални миграции и подвижност, отколку да им се пружат прилики на младите да останат во својата земја.

Остануваме јасно на патот на нашата евроатлантска определба, посветени на подинамичен економски раст, одржлив развој, ефикасна правна држава и силни институции, модерно образование, успешно и ефикасно справување со светската пандемија со КОВИД-19, активно членство во НАТО, силна волја за успешен почеток и завршница на преговорите по поглавја за членство во Европската Унија, и добри меѓуетнички и меѓусоседски односи.

5. СДСМ ПОСТОЈАНО СЕ МЕНУВА

СДСМ победува, но постојано се менува, се подобрува. Јас велам се менуваме, **се подобруваме за подобро да им служиме на граѓаните,** на државата. Во тоа длабоко верувам и така ќе продолжиме.

СДСМ е државотворната партија на независна Република Македонија и гарантот за сигурна иднина на нашата современа Северна Македонија. Тој епитет „државотворна партија" сме го заслужувале многупати досега и како испит сме го полагале, секогаш успешно. СДСМ никогаш не калкулира со политичкиот рејтинг кога станува збор за националните прашања. Наместо да ги турка најгорливите проблеми под тепих, **СДСМ се вложи во целост** и го поведе народот кон решавање на повеќедециниските прашања кои ја загрозуваа иднината на земјата. Без храброста на ова раководство на СДСМ ние никогаш немаше да станеме членка на НАТО Алијансата и немаше сега да зборуваме кога ќе имаме официјален старт на преговорите со ЕУ. Така, од почетокот на самостојноста до денешен ден, СДСМ ги брани исклучиво граѓанските и националните, а не тесно-партиските интереси.

И покрај залагањата за радикално опозициско делување преку бојкот на избори, со истрајна, трпелива и мудра политика овозможивме во 2017 година, режимот на Никола Груевски да се порази со пенкало, односно со гласање на избори кои ги организираше „Пржинска Влада" и со претходно формирано СЈО.

На 25. Конгрес, **СДСМ ја впиша црвената боја, како своја боја,** бојата на социјалдемократијата, на левицата, бојата на слободата, бојата на борбата за подобра македонска иднина. Со тоа, силниот бренд на СДСМ се крена на едно ново ниво. Со црвената боја карактеристична за Европските социјалисти - ПЕС, СДСМ уште еднаш ги повтори своите определби кон политиките на **социјална правда и еднаквост.**

Го зајакнавме граѓанскиот концепт на партијата како одраз на мултиетничкиот карактер на државата. Концептот „Едно општество за сите" е пресликан во структурите на партијата каде на високи раководни функции се избрани припадници на различни етнички заедници. **СДСМ е партија на сите граѓани.**

СДСМ нижеше победи во изминативе години. Формираше Влада во 2017, победи на локалните избори 2017, победи на претседателските избори 2019, победи на парламентарните избори 2020 и победи на вонредните локални избори 2020 во Штип. Се одржа и референдум за Договорот од Преспа на кој ЗА гласаа 609.813 гласачи, што во македонската плурална историја никогаш, на ниту една победничка коалиција ги нема освоено на свое конто. Овој скор на референдумски гласови е поголем од квантумот на гласови кои ги има освоено било која коалиција од независноста до денес.

За време на досегашниот мандат на СДСМ, Северна Македонија стана полноправна членка на НАТО Алијансата и ги исполни сите политички критериуми за старт на преговорите со ЕУ, кои во моментов се времено стопирани заради бугарското вето за отворање на поглавјата. „Договорот од Преспа" склучен со Грција е билатерален договор со кој привремената референца ПЈРМ стана историја и се бетонираше македонскиот национален идентитет со конечна верификација во ООН. Грција од сосед кој нè блокираше стана наш промотор во евроатлантските интеграции.

СДСМ за првпат освои значителен број на гласови од албанската етничка заедница кои почнаа да го доживуваат СДСМ како свој политички репрезент. За првпат се формираше победничка предизборна коалиција „Можеме - уште повеќе, уште подобро" која вклучи и политички субјект кој припаѓа на албанскиот кампус – БЕСА. Со тоа, остануваме единствена значајна партија на политичката сцена која има капацитет да ги соедини припадниците на сите етнички заедници во нашата земја. СДСМ со визионерство ги сруши бариерите кои се закануваа да го претворат нашето општество во поделено на паралелни етнички светови кои не сакаат и забораваат да комуницираат и живеат заедно.

СДСМ се отвори за граѓанското општество и одлучи да дозволи учество на граѓани кои не се партиски членови и НВО организации во партискиот процес на носење одлуки и градење ставови по клучни национални и стратешки прашања за иднината на државата. Надворешни експерти членуваат во партиските комисии и активно учествуваат во градењето на предизборните програми на партијата. Цел човечки потенцијал во многуте невладини организации доби можност да придонесе во градењето на државните политики. Ниту една друга партија во нашата земја нема така искрен и отворен однос, и соработка со почит со граѓанскиот сектор.

Се воведе етички кодекс за членовите и носителите на раководни должности во партијата и државата, кои дефинираат највисоки етички стандарди во поглед на чесноста, транспарентноста и исполнување на предизборните ветувања. Во Кодексот се пропишани основните принципи на однесување на носителите на јавни функции, обврските, за објавување на сите извештаи за работењето, а неисполнувањето покренува политичка и морална одговорност. Како одговорна партија дадовме конкретен придонес, преку одговорен мерит систем, за почитување на нормите и владеењето на правото, како и стандардите за етичко, одговорно, отчетно, професионално и транспарентно однесување и работење. Конечно, на тој начин покажавме дека одговорноста најнапред важи за нас самите, дека ние самите не сме над законот и никој друг не може да очекува поинаков однос. Помина времето кога политичарите покажуваа со прст барајќи причини за нефункционалноста на системот кој сами го создаваат. СДСМ, со тоа, отвори **нова ера на политичко функционирање** во Република Северна Македонија.

СДСМ е партија која препознава родова еднаквост и економски ги јакне жените. Се воведе квота за еднаква застапеност на обата пола во структурите на СДСМ и на кандидатските листи на партијата. Таа посветеност ќе продолжи и понатаму сè до момент на потполно еднаков пристап до сите можности во општеството.

СДСМ е првата голема политичка партија која застана зад идејата Република Северна Македонија да биде една изборна единица. Впрочем, тоа е дел и од нашата предизборна програма. Ние сметаме дека е неопходно реформите на изборното законодавство да го вклучат и укинувањето на концептот на т.н. Пржинска Влада на 100 дена пред парламентарни избори. Пред изборите на 15 јули се покажа како една неодговорна опозиција може да ги злоупотребува функциите во извршната власт во услови на пандемија и тешка здравствена криза. Ние сме подготвени за реформи на изборното законодавство. Се разбира, резултатите од пописот ќе бидат добра основа за овој процес. Ќе продолжиме да се бориме за една изборна единица, за отворени листи и за што подиректна презентација на волјата на граѓаните на Република Северна Македонија.

СДСМ воведе највисоки стандарди во комуникација со јавноста без разлика дали станува збор за традиционалните или „новите" – социјални медиуми. Партијата изгради капацитети и практикува отвореност, достапност и иновативност во јавните и внатрешните комуникации. СДСМ користи дигитални и традиционални форми на комуникација и се води од јавниот интерес и од медиумските слободи во својот однос кон јавностите и граѓаните.
Продолжува процесот на професионализација на внатрепартиската администрација и дигитализација на СДСМ. Привлекуваме млади и амбициозни луѓе кои веруваат во социјалдемократските идеи и вредности и кои преку стекнуваат знаења, искуство и вештини за да се вградат со системот на модерниот и европски СДСМ. Со постојаниот прилив на млади луѓе, СДСМ го држи приматот на човечкиот потенцијал на политичката сцена во Република Северна Македонија.

Процесот на дигитализација на СДСМ кој го започнавме, ја вбројува нашата партија во модерните европски партии. Спроведеното ажурирање на членството и креирањето на електронски членски книшки се само почеток на таа дигитализација. Ќе следува процес на интегрирање на партијата од најмалите организациони единици, па сè до самиот партиски врв. Новите технологии, иновативните начини на приближување до членството и граѓаните, и современите канали за комуникација се дел од дигиталната трансформација на нашите општества, и СДСМ ќе остане целосно во тек со новите трендови.

Во оваа насока ќе реализираме и нови проекти. Еден од нив е MySDSM, сите наши членови да бидат поврзани преку современи апликации и дигитални алатки.

Секако дека СДСМ има свои недостатоци, прави и грешки, но никогаш не скршнал од стратешкиот колосек, од напредокот, од сојузништво со западниот демократски свет на чело со САД и ЕУ. Во изминатиот мандат, кога и да сме биле соочени со оправдани критики и

забелешки, сме знаеле да застанеме, пријателски да ја прифатиме критиката и да ги сослушаме аргументите. **СДСМ покажа и внатрешен капацитет да се менува.** Се откажува од старите погрешни салонски навики, почна да ги слуша граѓаните, прифаќа критика, знае да се повлече од одредени иницијативи ако се утврди дека не се приоритет, или дека е можно и да се преиначат, а да се постигне целта. СДСМ ги слуша граѓаните и нивната волја бидејќи не ја заборава основната причина на постоењето на политичките партии, а тоа е остварувањето на интересите на граѓаните и државата, и ништо друго.

И до тука повлекувам линија! Имавме доволно време како поединци да покажеме што знаеме и колку сме подготвени за предизвиците за внатрешните реформи. Направивме многу, но тоа не е доволно. Граѓаните со право нè критикуваат во одредени сегменти. Сите оние кои со мене го одеа трнливиот и ужасно мачен опозициски пат, добија шанса да се докажат на различни должности во законодавната, извршната и локалната власт. Некој многу сработуваат, некои можат повеќе, но некои потфрлија. Уште сега најавувам, доколку мнозинството членови на СДСМ одлучат да продолжам да ја водам партијата, нема да има емоции кон никого повеќе. Сметам, дека никому ништо не му должам. Единствениот долг кој го прифаќам е долгот кон граѓаните за ефикасна и доследна испорака на ветеното. И тука е точката од која почнува новиот начин на работа, тука е точката од која ја најавувам пролетната иницијатива!

6. НОВА ПОЛИТИКА – ПРОЛЕТНА ОФАНЗИВА ЗА НОВ ПРЕСВРТ ВО ПОЛИТИЧКОТО ДЕЛУВАЊЕ НА СДСМ И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Сите прогресивни пробиви досега во политиката во Република Северна Македонија ги направи СДСМ. И тука нема да застанеме. Напротив! Со мојот нов мандат, ја најавувам досега најголемата политичка иницијатива за промена на начинот на функционирање и менталитетот на политичките партии во нашата земја, почнувајќи од СДСМ. Најавувам дека СДСМ е **ПРВ ВО ПРОМЕНИТЕ** и ќе биде носител на **НОВА ПОЛИТИКА** со која секој од нас ќе даде и повеќе и подобро, политика со која повторно ќе исчекориме напред, овој пат за да го оставиме зад себе балканскиот менталитет. Со историските успеси СДСМ затвора едно пост-режимско поглавје и сега одлучно велиме дека повторно е дојдено времето за НОВА ПОЛИТИКА. Ние ќе започнеме самите од себе и високите стандарди кои си ги наметнуваме доброволно, ќе го менуваат целото општество. Не со зборови, туку со пример ќе покажеме што значи вистинска демократска партија и одговорно работење. На ист начин како што први одлучивме самите членови да го избираат Претседателот на СДСМ, така ќе бидеме предводници во сите останати аспекти на политичкото функционирање.

Пролетната иницијатива за НОВА ПОЛИТИКА во Северна Македонија подразбира промени во пет клучни точки:

Прво, сериозна реформа на досегашна кадровска понуда на СДСМ. Ова не значи откажување од никого, туку сериозно менување кон подобро на досегашниот внатрепартиски менталитет. Амбициите за професионално унапредување не се „ерес", но никој повеќе во СДСМ нема да се кандидира за функција и само да биде функционер, туку да обавува должност и да биде служител на граѓаните. СДСМ постои за граѓаните, а не граѓаните за СДСМ! Новата политика значи дека секој мора да разбере дека ние служиме! Од сега па натаму можноста за кадровски грешки ќе биде сведен на минимум. Воведуваме нов „мерит систем", ја следиме работата на секој наш избран функционер. Јавно се обврзуваме дека ќе се цени исклучиво квалитетот и способноста да се одговори на предизвиците, да се решаваат проблемите и да се презема одговорност, а не блискоста и лојалноста до лидерот. Тоа време е завршено. За оние на кои привилегиите им се поважни од обврските кои сме ги преземале пред граѓаните, нема да добијат шанса да и служат на државата. Првиот тест ќе бидат локалните избори, кои планираме успешно да го поминеме. Новиот состав на органите на партијата ќе донесе освежување на победничкиот менталитет на СДСМ. Заслугите, пожртвуваноста и посветеноста никогаш нема да ги занемариме, но природно е после шест победи да внесеме **нова енергија во своите редови,** бидејќи новата политика носи и бара и нови политички сили. Се разбира, мислењето на членовите, месните одбори, општинските организации ќе биде клучно во дефинирањето на новите сили во нашиот тим. Новите членски книшки издадени после процесот на ажурирање и приливот на нови членови се компонента од дигитализацијата на СДСМ. Со тоа, партијата ќе има модерна и динамична дата база на податоци за секој член. Во секое време ќе имаме информација за потенцијалот

на нашето членство. Сите податоци за тоа со каков кадар располагаме ќе бидат достапни во секое време. И тој кадар ќе добие шанса.

Второ, најавуваме продлабочување на започната борба против корупцијата и организираниот криминал. Нема привилегирани и заштитени. Членската книшка на СДСМ не заштитува никого од ништо, а особено не од законите. Сите сме еднакви пред законите, почнувајќи од лидерот на СДСМ, како прв меѓу еднаквите. Правда мора да има, секој кој се огрешил или ќе се огреши пред законите, ќе одговора во фер правосудна постапка. И започнувањето на секоја таква постапка нема да значи политичка борба со неистомислениците, ниту расчистување на евентуалните внатрешнопартиски конфликти и борби за превласт, туку целосно и недискриминаторно функционирање на правната држава. Штетите од претходниот режим не се само материјални, туку и во самиот дух на граѓанинот, кој престана да верува дека може да постои искрена борба против корупцијата. Ние таа верба ќе ја вратиме. Ние го започнавме мандатот токму со таа надеж, и во ниту еден миг тоа не сме го заборавиле. **Правда ќе има,** ова го кажувам како последно предупредување до сите кои ќе се огрешат пред законот, и никој да не помисли дека ќе биде можно да постои исклучок од тоа правило.

Трето, унапредување на внатрепартиската демократија. Охрабрување на различното мислење. Максимата „разноликоста на мислења во СДСМ е богатството на внатрепартиската демократија" ќе продолжи да биде и суштина и симбол на партијата. Сведоштво за мојот демократскиот капацитет е тоа што во пракса сум покажал дека се повлекувам од одредени предлози тогаш кога аргументите на мнозинството ме убедуваат во спротивното. И тоа не е знак на слабост или попустливост, туку капацитет да се сослушаат аргументите, да се влезе искрено и без предрасуди во разговор, да се даде простор за слободна и искрена дебата, без било кој да сноси последици само заради искажаниот поинаков став и мислење. **Барам демократска големина од секој член за оваа наша нова заедничка политика.** Таа партиска демократија набргу ќе се преслика и во самото општество придонесувајќи да се зајакне духот на слободно и јавно изнесување на своите ставови. **Северна Македонија еднаш беше, но никогаш повеќе нема да биде земја каде вистината се шепка, а лагите се извикуваат на цел глас.** Тие што го правеа тоа сè уште се до нас, но ние и нив ќе ги менуваме и доследно ќе се бориме за демократските принципи и од нив нема никогаш да отстапиме.

Четврто, во претстојниот период ќе ги отвориме вратите за сите оние кои се блиски до или се заинтересирани за идеите на социјалдемократијата, а досега не биле активно вклучени во политичкиот живот во нашата земја. Ќе ги повикаме младите да не ја доживуваат политиката како далечна и несвојствена за нив, туку сосема спротивно: да изградиме заедно еден млад СДСМ, СДСМ доминиран од новите генерации и **СДСМ за новото време, прв во промените, носител на новите политики.** Поблиску до граѓаните, почнувајќи од локалните организации па сѐ до централната власт, ќе повикаме на активно учество во креирањето на нашите политики, но и кадровско учество во сите нивоа на власта.

СДСМ не е елитен клуб, не е забранета зона, не е во сопственост на поединци, туку обединител на сите граѓани со прогресивни идеи во Република Северна Македонија. Нема да дозволиме никој да ги спречува новите членови да придонесуваат за партијата. Партискиот стаж не е критериум за тоа кој колку си ја сака државата и колку може да направи за неа. Затоа, ќе ги повикаме сите оние кои мислат дека имаат што да направат за својата земја, дека можат да одвојат од своето време и да ни се приклучат во оваа историска борба за подобар живот во Република Северна Македонија. Не е време за гледање отстрана, **време е секогаш да придонесе секој колку што може и умее.** Политиката бара учество од чесните и посветените, за да не можат другите да завладеат со земјата.

Петто, кревање на мотивацијата на нашите граѓани. Досега зборував за проекти и политики, за иницијативи и конкретни активности за подобрување на животот во Република Северна Македонија. Но, **сакам да се повикам и на исконското во нас,** како граѓани на оваа земја, како луѓе кои со векови се соочувале со тешкотии и сепак опстанале. Тој дух сега, повеќе од било кога, треба пак да го разгориме. Овде е нашето огниште, овде се гробовите на нашите предци, на оваа земја се леела крвта на востаниците и партизаните, на борците за слобода! И ние треба тука да го најдеме својот живот, денес кога има толку многу алтернативи, толку многу можности по отворениот свет, треба да одлучиме дека ќе бидеме свои на своето, и ќе се вложиме во градењето на нашата земја! Тука треба да е чист воздухот, тука треба да е силна економијата, тука треба да цвета образованието и науката, тука треба да владее правото! Тоа не е владин проект, тоа нема да ни го донесат од НАТО или ЕУ, никој нема да ни ги подари тие цивилизациски придобивки. Туку сите заедно и секој од нас поединечно, треба да го ставиме своето делче во големиот мозаик и само така ќе го издигнеме нашиот заеднички дом – Република Северна Македонија! А јас ќе се борам со секоја капка крв, со секоја сила, да ја водам државата кон тоа подобро утре. Моите три борби ме донесоа до овде: борбата против режимот, борбата за НАТО и ЕУ, и борбата за европски стандарди дома! Ве повикувам **заедно да продолжиме напред,** да чекориме здружено и да ги видиме подобрите денови на Република Северна Македонија!

Можам да ја претпоставувам реакцијата на многумина кога ја слушаат одлучната најава за избор на исклучително квалитетни кадри, најавата за искрена и целосна борба со корупцијата и најавата за целосна демократизација. Може ли ново после новото? Многумина не веруваат. Знам, бидејќи сум се соочил со неверување кога и порано сум најавувал голема и драстични промени. Се сеќавам, ништо повеќе не беше прифатена ниту најавата за рушење на режимот – па сепак режимот денес е минато. Ништо повеќе не беше прифатена ниту определбата да победиме „со пенкало" – па сепак токму на тој начин ја извојувавме победата. Ништо повеќе не беше прифатена можноста за компромис со Грција и влез во НАТО – па ете денес членството во НАТО е наша реалност. **Ако некој пред нас во нешто не успеал, не значи дека нема да успееме и ние.**

Во следните четири години, СДСМ ќе остане одлучувачка сила во Република Северна Македонија и моќен погон кој ќе го движи целото општество, едното општество за сите,

Да живее СДСМ!

Да живеат граѓаните!

Да живее Република Северна Македонија!

Скопје, 26 февруари, 2021

Кандидат за Претседател на

Социјалдемократски Сојуз на Македонија

Зоран Заев

СДСМ